Од страна на ДТУ Тау Цети ДООЕЛ Скопје, поднесено е Барање за изрекување на глоба бр. 68-8156/1 од 18.11.2024 година, во кое бараат да се покрене постапка против Христина Андоновска со адреса на живеење ул. “Бледски Договор” бр. [redacted] Скопје, за постапување спротивно на член 28, односно истата не го плаќала својот дел од трошоците за управување и резервен фонд, а во врска со член 126 став 3 од Законот за домување.

Со Барањето, пријавителот доставил Картичка на коминтент – аналитика 01514 Христина, за период на долг од 01.01.2018 година до 19.10.2024 година, кој изнесува 21.322, 00 денари.

Инспекторот го повикал субјектот на надзор, со Покана за странка бр. 68-8156/2 од 19.11.2024 година, за дена 27.11.2024 година во канцелариите на Сектор Инспекторат. Субјектот на надзор – Христина Андоновска уредно се одзвала на поканата. При вршењето на увид во канцелариите, субјектот на надзор до инспекторот доставил преку архива Известување бр. 68-8156/3 од 27.11.2024 година.

Инспекторот го разгледал Известувањето од субјектот на надзор во кое го известува инспекторот дека е вложен Приговор до нотар кон предлогот за присилна наплата на долг, кој е доставен во прилог на известувањето. Понатаму во известувањето, субјектот на надзор пристапува кон објаснување на наводи за кои инспекторот веќе има одлучувано во посебна постапка, и кои во тој момент немаат влијание врз поинакво одлучување во врска со прекршувањето на член 28 од страна на субјектот на надзор. Исто така, инспекторот е известен од субјектот на надзор дека за наводите за кои инспекторот веќе има одлучувано во посебна постапка, веќе се води судска постапка помеѓу неа и пријавителот и од таа причина, инспекторот не ги зема во предвид тие наводи се до конечно одлучување во судската постапка.

За останатите наводи во Известувањето, дека од страна на инспекторот не и е овозможено на пријавената односно субјектот на надзор , да изврши увид во документација, апсолутно не се прифаќа од страна на инспекторот, бидејќи не само што истото нема никаква поврзаност со прекршувањето на законот за кое се составува овој записник, туку и од причина што истото и е овозможено во два наврати, за што инспекторот има и материјален доказ кој е доставен и до повисоки институции.

Од причина што, постапката за присилна наплата кај нотар е целосно одвоена од постапката кај инспекторот согласно член 28 од Законот за домување, и истите не се пречка една на друга да се водат паралелно, како и исходот на постапките е различен и се однесува на различна работа, приговорот до нотар на субјектот на надзор е земен во предвид но нема влијание за поинакво решавање на предметната пријава. Имајќи во предвид дека се доставени докази за неисполнување на своите обврски кон фондовите на зградата како и самото признание на субјектот на надзор при разговорот дека не ги подмирува своите тековни обврски како и обврските спрема резервниот фонд, од причини познати на субјектот на надзор а ирелевантни за постапката на инспекторот, ќе биде донесено Решение за опомена за плаќање на долгот, како и прекршочен платен налог за досегашното неподмирување на својот дел од трошоците.

**врз основа на која (да се заокружи само едно) :**

~~1. Не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор и постапката се запира поради неутврдени неправилности ;~~

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

# ЗАПИСНИК
## за извршен контролен инспекциски надзор

**ИП1 Број : 64 – 288/2023**
**Датум : 30.01.2025 год.**

### 1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор :

| | | |
|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзорот | ДПТУ „Лапласт Ком„ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | |
| Седиште/ адреса на субјектот | бул. „8МИ Септември„ бр. 4 – 1/29 | |
| Адреса за е – пошта | / | |
| Телефон | 00389 02 3097-009 | |
| Матичен број на субјектот | 5878195 | |
| Даночен број на субјектот | MK4030004512953 | |
| Број на жиро сметка на субјектот | 210058781950119 | |
| Банка депонент | НЛБ ТУТУНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ | |
| Одговорно/и лице/а на субјектот : | | |
| Име и Презиме | Телефон | Е - пошта |
| Дејан Арсовски | [redacted] - [redacted] | |
| | | |

### 2) Податоци за инспекциски надзор :

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | | | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекциски надзор | 30.01.2025 | 12:00 часот | |
| Назив на објектот – инсталацијата каде се врши надзорот | Градба од втора категорија од Законот за градење – приземен објект | | |
| Главна дејност на објектот – инсталацијата каде се врши надзорот | лесна и незагадувачка индустрија | | |
| Адреса на објектот – инсталацијата каде се врши надзорот | бул. „8<sup>МИ</sup> Септември„ бр. 4 – 1/29<br>КПбр. 848/1 , КО Зокуќани | | |

**10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдена фактичка состојба :**

При извршен контролен инспекциски надзор на лице место од страна на општински градежен инспектор по предходно издадено Решение за отстранување ИП1бр. 64 – 288 од 13.06.2024 год. констатирано е дека инвеститорот постапил по насоките дадени во решението, односно ги отстранил недостатоците констатирани во Записникот за извршен вонреден инспекциски надзор ИП1бр. 64 – 288 од 13.11.2023 год., и тоа градба од втора категорија – приземен објект, изведен со димензии 17.0 x 11.0 m, изведен од тврда градба, покриен со двоводен кров од азбестно-цементни салонит плочи изведен на КПбр. 848/1 КО Злокуќани, во вкупна површина од 2262.0 m2, сопственост на Република Северна Македонија, видно од имотен лист број 5527.



- врз основа на која (да се заокружи само едно) :
1. Не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзорот;
2. ~~Утврдени се следните неправилности во работењето на субјектот на надзорот, за што се превземени следните мерки :~~

Поради тоа што инвеститорот постапил по насоките дадени во Решението за отстранување ИП1бр. 64 – 288 од 13.06.2024 год., односно ги отстранил недостатоците констатирани во Записникот за извршен вонреден инспекциски надзор ИП1бр. 64 – 288 од 13.11.2023 год., и тоа градба од втора категорија – приземен објект, изведен со димензии 17.0 x 11.0 m, изведен од тврда градба, покриен со двоводен кров од азбестно-цементни салонит плочи изведен на КПбр. 848/1 КО Злокуќани, во вкупна површина од 2262.0 m2, сопственост на Република Северна Македонија, видно од имотен лист број 5527, нема основ за водење на понатамошна инспекциска постапка и истата се затвара со овој записник.

**11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба, е запознаен претставник на субјектот на надзорот, кои <u>НЕМАШЕ / ИМАШЕ</u> забелешки.**

ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

# ЗАПИСНИК
## за извршен инспекциски надзор

**ИП1 Број : 68-434**
**Датум :27.11.2024 год.**

1) **Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор :**

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзорот | Христина Андоновска |
| Седиште/ адреса на субјектот | [redacted], Скопје |
| Адреса за е – пошта | |
| Телефон | [redacted] |
| Матичен број на субјектот | [redacted] |
| Даночен број на субјектот | / |
| Број на жиро сметка на субјектот | |
| Банка депонент | |

Одговорно/и лице/а на субјектот :

| Име и Презиме | Телефон | Е - пошта |
|---|---|---|
| Христина Андоновска | [redacted] | |
| | | |
| | | |

2 ) **Податоци за инспекциски надзор :**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | | 2. ВОНРЕДЕН | |
| Датум на почеток на инспекциски надзор | 27.11.2024 год | 10.00 часот | |
| Назив на објектот – инсталацијата каде се врши надзорот | | | |
| Главна дејност на објектот – инсталацијата каде се врши надзорот | Колективна станбена зграда | | |
| Адреса на објектот – инсталацијата каде се врши надзорот | Ул. Бледски Договор бр. 3, Скопје | | |

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925*
*www.karpos.gov.mk;*

**предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот надзор.**

10) **Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдена фактичка состојба :**

Од страна на ДТУ Тау Цети ДООЕЛ Скопје, поднесена е Пријава бр. 68-8157/1 од 18.11.2024 година, во кое бараат да се покрене постапка против Христина Андоновска со адреса на живеење ул. [redacted] бр.[redacted], Скопје, за постапување спротивно на член 59-а од Законот за домување, односно истата до денот на поднесувањето на пријавата не поднела завршна сметка и завршен извештај како и не ја предала целокупната документација и клучеви од заеднички простории при престанок на нејзиниот мандат како Претседател на Заедница на сопственици на ул. Бледски Договор бр. 3, Скопје.

Со покана бр. 68-8157/2 од 19.11.2024 година, инспекторот за повикал пријавената на увид во канцелариите на Општина Карпош за ден 27.11.2024. Пријавената/субјектот на надзор уредно се одзвала на поканата.

При вршење на увидот, субјектот на надзор посочил на инспекторот дека преку архива е доставено Известување бр. 68-8157/3 од 27.11.2024 година, како одговор на поканата за која е повикана на увид, односно одговор на предметот на надзор. Исто така, пријавената при увидот изјавила дека примопредавање е извршено со поранешниот претседател на ЗС, нејзиниот наследник – Бобан Јовановски, кој што, по нејзина изјава поседува Записник за примопредавањето. Пријавената не достави Записник за примопредавање на увид ниту пак изјави дека истиот го поседува.

Инспекторот го разгледа доставеното известување во кое пријавената тврди дека во 2015 до Надзорниот одбор доставила завршен извештај . Другит наводи во Известување инспекторот ги разгледа и утврди дека за нив е постапено во посебна постапка и не се од влијание врз одлучувањето на конкретната пријава.

Инспекторот при разгледување на целокупната документација утврди дека пријавителот не е директно избран после разрешувањето на пријавената од функцијата Претседател на Заедница на Сопственици, туку е избран нов претседател – Бобан Јовановски. Обврската да постапи согласно член 59-а од Законот за домување при разрешувањето на Христина Андоновска е кон Бобан Јовановски, како нов Претседател а не кон пријавителот Тау Цети Дооел Скопје, ниту пак тие би можеле со сигурност да знаат дали примопредавањето се случило. Обврската да пријави прекршување на споменатиот член е на Бобан Јовановски, бидејќи согласно член 59-а став 3рокот од 3 дена за примопредавање од денот на разрешување се однесува на новоибраниот претседател:

**(3) По разрешувањето претседателот на заедницата на сопственици е должен во рок од три дена да поднесе завршен извештај и завршна сметка и да ги достави на новиот претседател сите договори, дозволи и други исправи што се однесуваат на управување со станбената зграда и за промената да ги извести сите обезбедувачи и изведувачи кои извршуваат набавка, односно вршат услуги за станбената зграда.**

# ЗАПИСНИК
## за извршен вонреден инспекциски надзор

**ИП1 Број : 64 – 17**
**Датум : 27.01.2025 год.**

**1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор :**

| | | |
|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзорот | ДТ на големо и мало „СТОКОМАК„ ДОО увоз-извоз Скопје | |
| Седиште/ адреса на субјектот | ул. „Стојка Цекова„ бр. 62 зграда 30 кат 2, нас. Гази Баба | |
| Адреса за е – пошта | hr@stokomak.com.mk | |
| Телефон | 00389 22771 078 , 003897 339 064 | |
| Матичен број на субјектот | 4718623 | |
| Даночен број на субјектот | 4030993116380 | |
| Број на жиро сметка на субјектот | 000300000000580290 | |
| Банка депонент | КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ | |
| Одговорно/и лице/а на субјектот : | | |
| Име и Презиме | Телефон | Е - пошта |
| Ѓурѓа Георгиева | | |
| | | |

**2 ) Податоци за инспекциски надзор :**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | | 2. ВОНРЕДЕН | |
| Датум на почеток на инспекциски надзор | 27.01.2025 | 09:00 часот | |
| Назив на објектот – инсталацијата каде се врши надзорот | урбана опрема –тераса со настрешница | | |
| Главна дејност на објектот – инсталацијата каде се врши надзорот | деловен објект | | |
| Адреса на објектот – инсталацијата каде се врши надзорот | ул. „Бранислав Нушиќ„ бр.66 , КПбр. 1906/1, КО Карпош | | |

**10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдена фактичка состојба :**

При извршен вонреден инспекциски надзор на лице место на ден 24.01.2025 год. во 13:15 часот од страна на општински градежен инспектор , по службена должност, констатирано е дека инвеститорот ДТ на големо и мало „СТОКОМАК„ ДОО увоз-извоз Скопје, на ул. „Бранислав Нушиќ„ бр. 66, на КПбр. 1906/1 КО Карпош, земјиште сопственост на Република Северна Македонија, во површина од 11356,00 $m^2$, видно од имотен лист број 57020, поставува урбана опрема –тераса со настрешница, со димензии 9.50 x 3.00 m и висина H = 2.50 – 3.00 m, која се состои од метални профили, со едноводен кров, делумно покриена со поцинкован ребраст лим. Поради тоа што на лице место инвеститорот не поседуваше валидна градежно-техничка документација, односно немаше Решение за поставување, изготвена е Покана за странка, со која се повикува инвеститорот на ден 27.01.2025 год. во 09:00 часот да ја приложи целокупната документација.

На закажаниот термин од Поканата за странка, инвеститорот уредно се отповика, но не приложи градежно-техничка документација, односно не поседуваше Решение за изведување односно поставување, согласно член 73 и член 74 од Законот за градење.



- врз основа на која (да се заокружи само едно):

1. ~~Не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзорот;~~
2. Утврдени се следните неправилности во работењето на субјектот на надзорот, за што се превземени следните мерки :

Поради тоа што инвеститорот ДТ на големо и мало „СТОКОМАК„ ДОО увоз-извоз Скопје, не поседува Одобрение за поставување на урбана опрема од Законот за градење, за урбаната опрема – тераса со настрешница со димензии 9.50 x 3.00 m и висина H = 2.50 – 3.00 m, која се состои од метални профили, со едноводен кров, делумно покриена со поцинкован ребраст лим, што ја поставува на ул. „Бранислав Нушиќ„ бр. 66, на КПбр. 1906/1 КО Карпош, земјиште сопственост на Република Северна Македонија, во површина од 11356,00 $m^2$, видно од имотен лист број 57020, и поради тоа што за инвеститорот ДТ на големо и мало „СТОКОМАК„ ДОО увоз-извоз Скопје, предходно се водела инспекциска постапка ИП1бр. 64 – 430 од 26.11.2024 год. во врска со градба од 73 од Законот за градење, согласно член 137 став 2 ќе се издаде Решение за опомена, како и Прекршочен платен налог, согалсно член 161а став и и став 2 од Законот за градење.

ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

# ЗАПИСНИК
## за извршен вонреден инспекциски надзор

**ИП1 Број : 66-18**
**Датум : 27.01.2025**

*1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор :*

| | | |
|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзорот | Ерман - Инг ДООЕЛ, Скопје | |
| Седиште/ адреса на субјектот | Ул. 10, бр.43, Скопје, Сарај | |
| Адреса за е – пошта | Erman-ing@hotmail.com | |
| Телефон | [redacted] | |
| Матичен број на субјектот | 7334729 | |
| Даночен број на субјектот | 4075019505698 | |
| Број на жиро сметка на субјектот | | |
| Банка депонент | Про Кредит | |
| Одговорно/и лице/а на субјектот : | | |
| Име и Презиме | Телефон | Е - пошта |
| Мазлами Халил | [redacted] | |
| | | |
| | | |

*2 ) Податоци за инспекциски надзор :*

| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. ВОНРЕДЕН | 3.КОНТРОЛЕН |
|---|---|---|---|
| Датум на почеток на инспекциски надзор | | 27.01.2025<br>12:00 | |
| Назив на објектот – инсталацијата каде се врши надзорот | Ерман - Инг ДООЕЛ, Скопје | | |
| Главна дејност на објектот – инсталацијата каде се врши надзорот | Друштво за градежништво, промет и услуги | | |
| Адреса на објектот – инсталацијата каде се врши надзорот | Ул. Ванчо Мицков, бр.35, Скопје | | |

| | | |
|---|---|---|
| | | |

*8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присутни беа и следните лица :*

| | Име и Презиме | Својство |
|---|---|---|
| 1. | Ирена Милевска | Општински комунален инспектор |
| 2. | | |

9) Инспекторот/ите кој/и го изврши/ја инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентираат целите и

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдена фактичка состојба :

На ден 22.01.2025 година во 13:45 часот извршен е вонреден инспекциски надзор над правниот субјект Ерман - Инг ДООЕЛ, Скопје на ул. Ул. Ванчо Мицков, бр.35, Скопје од страна на општинскиот комунален инспектор Ирена Милевска, градежниот инспектор Душко Андонов и инспекторот за животна средина Гордана Максимовска во делот на прекршување на законските одредби од Закон за јавна чистота, чл. 14 – а, алинеа 2 и 3.
Станува збор за песок, арматури и градежен материјал на јавна површина кој попречува влез во подземни гаражи на соседна зграда.
Дадена е покана за странка за 27.01.2025 год. за да се јави во Сектор Инспекторат со соодветни документи на информативен разговор. Лицето Мазлами Халил дојде на договорениот термин при што беше поведена вонредна инспекциска постапка ИП1 66-18 од 27.01.2025 год. Во разговор со претставникот на правниот субјект Ерман - Инг ДООЕЛ, комуналниот инспектор издаде Решение за опомена Ип1 66-18 од 27.01.2025 год. во даден рок да се отстранат неправилностите на ул. Ванчо Мицков, бр. 35.

Во прилог: ФОТОДОКУМЕНТАЦИЈА!

- врз основа на која (да се заокружи само едно) :

1. не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор ;
2. **<u>утврдени се следните неправилности во работењето на субјектот на надзор, за што се превземени следните мерки :</u>**

- 1. Решение за опомена Бр. 66-18 од 27.01.2025

ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Овластениот инспектор за комунални дејности при Општина Карпош Ирена Милевска со службена легитимација Бр.79-0004 изврши вонреден инспекциски надзор на правниот субјект Ерман - Инг ДООЕЛ, Скопје со седиште на Ул. 10, бр.43, Скопје, Сарај и ја утврди фактичката состојба врз основа на чл.14а став 1, алинеа 2 и 3 од Законот за јавна чистота, (Службен весник на Република Македонија бр.111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21) и Закон за инспекциски надзор (Сл. весник на РСМ бр.50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14, 44/15, 129/15,192/15 и 39/16 год. Со Записникот ИП1 бр.66 - 18 од 27.01. 2025 год. го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ ЗА ОПОМЕНА

1. СЕ ОПОМЕНУВА Мазлами Халил претставник на правниот субјект субјект Ерман - Инг ДООЕЛ, Скопје со седиште на Ул. 10, бр. 43, Скопје, Сарај да ги отстрани недостатоците наведени во Записникот за извршен инспекциски надзор ИП1 бр.66-18 од 27.01.2025 год.
2. Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1. од ова Решение изнесува 7 (седум) дена од денот кога е констатирана неправилноста наведена во Записникот ИП1 66 -18 од ден 27.01.2025 год. Субјектот на инспекцискиот надзор од точка 1 на ова Решение е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоца од 3 дена, писмено и/или по електронски пат да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.
3. Жалбата против ова Решение не го одложува неговото извршување.

### Образложение

***ОПШТИНА КАРПОШ***
***СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ***
***Одделение за урбанистичка и градежна инспекција***

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

ИП1Број: 64 – 446
Датум: 02.01.2025 год.
Ознака на дневник : 55

Сектор инспекторат на Општина Карпош преку лиценциран општински градежен инспектор Душко Андонов со службена легитимација број 79–0003, изврши вонреден инспекциски надзор кај инвеститорот ДПТУ „Делта Центар„ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје со седиште на ул.„1550“ бр.13 - Визбегово и со Записник за извршен вонреден инспекциски надзор со ИП1бр. 64 – 446 од 06.12.2024 година, ја утвди фактичката состојба и врз основа на член 137 став 2 од Законот за градење (“Службен весник на РМ “ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 18/20, 279/.20, 227/22 и 111/23), и член 83 од Законот за инспекциски надзор (“Службен весник на РМ“ бр. 102/2019), го донесе следното :

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОПОМЕНУВА ИНВЕСТИТОРОТ** ДПТУ „Делта Центар„ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје со седиште на ул.„1550“ бр.13 - Визбегово, матичен број 7296088 и ЕДБ MK4038018513490 , управител Еливис Хот, да ги **ОТСТРАНИ НЕДОСТАТОЦИТЕ** утврдени со Записникот за извршен вонреден инспекциски надзор ИП1бр. 64 – 446 од 06.12.2024 год. и тоа:

Градби од член 73 од Законот за градење – настрешница со димензии 6.00 x 3.00 m и висина H = 2.00 – 2.30 m, од метални профили, покриена со едноводен кров од кровен сендвич панели, поставена на КПбр. 518/7 КО Карпош, земјиште сопственост на ДТ „СМС Шопс„ ДООЕЛ – Скопје, во површина од 2088 $m^2$, видно од имотен лист број 53895 и настрешница со димензии 11.0 x 5.00 m и висина H = 2.50 – 3.00 m составена од метални профили, делумно покриена со пластифицирана мрежа, поставена на КПбр. 547/1 КО Карпош, земјиште сопственост на ДТ „СМС Шопс„ ДООЕЛ – Скопје, во површина од 400.0 $m^2$, видно од имотен лист број 5891.

Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова Решение, изнесува **10 (ДЕСЕТ) ДЕНА** од денот на приемот на истото

2. Инвеститорот на инспекцискиот надзор од точка 1 на ова Решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.
3. Трошоците за извршување на Решението се надоместуваат од извршеникот.
4. Жалбата против ова Решение не го одлага извршувањето на истото.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Сектор инспекторат на Општина Карпош, врз основа на член 128, член 131 и член 132 од Законот за градење (“Службен весник на РМ “ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 18/20, 279/.20, 227/22 и 111/23 ) и член 82 од Законот за инспекциски

надзор ("Службен весник на РМ" бр. 102/2019), преку општински градежен инспектор Душко Андонов, со службена легитимација број 79–0003, изврши вонреден инспекциски надзор кај инвеститорот ДПТУ „Делта Центар„ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје со седиште на ул.„1550" бр.13 - Визбегово и со Записник за извршен вонреден инспекциски надзор со ИП1бр. 64 – 446 од 06.12.2024 година, во која констатира :

Инвеститорот ДПТУ „Делта Центар„ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, управител Еливис Хот, без Решение за изведување има поставено градби од член 73 од Законот за градење – настрешница со димензии 6.00 x 3.00 m и висина H = 2.00 – 2.30 m, од метални профили, покриена со едноводен кров од кровен сендвич панели, поставена на КПбр. 518/7 КО Карпош, земјиште сопственост на ДТ „СМС Шопс„ ДООЕЛ – Скопје, во површина од 2088 m$^2$, видно од имотен лист број 53895 и настрешница со димензии 11.0 x 5.00 m и висина H = 2.50 – 3.00 m составена од метални профили, делумно покриена со пластифицирана мрежа, поставена на КПбр. 547/1 КО Карпош, земјиште сопственост на ДТ „СМС Шопс„ ДООЕЛ – Скопје, во површина од 400.0 m$^2$, видно од имотен лист број 5891.

Жалбата против ова Решение не го одлага неговото извршување, согласно член 137 став 5 од Законот за градење.

**Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.**

**ПРАВНА ПОУКА :** Против ова Решение незадоволната странка може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението преку првостепениот орган до државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка. Жалбата се таксира со 250.00 денари административна такса и се поднесува во три примероци.

Решено во Општина Карпош под ИПбр. 64 – 446 од 02.01.2025 год.

ОПШТИНСКИ ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР

Душко Андонов, дги.
службена легитимација број 79–0003